РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ - KOMUNA E JEGUNOVCIT

Бр.- Nr. 03-1563/12
01. 09. 2025 год.-vit.
ЈЕГУНОВЦЕ - JEGUNOVC

Друштво за производство, трговија услуги и градежништво
ТОП БИЛД ДООЕЛ експорт-импорт
Бр. 0307-537
01. 09. 2025 год.
СКОПЈЕ

ДОГОВОР
за јавна набавка на работи

ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ, претставувана од Градоначалникот на Општина Јегуновце, Димитар Костадиноски (во понатамошниот текст Договорен орган) и

2. Друштво за производство,трговија,услуги и градежништво ТОП БИЛД ДООЕЛ експорт-импорт Скопје со седиште на ул. ул. 50-та Дивизија бр. 32, локал 1, Скопје, претставувано од Радоман Дамјановиќ (во понатамошниот текст Носител на набавката).

Член 1

Со овој договор се уредуваат меѓусебните права и обврски на договорените страни во врска со **Изградба на улица во н.м. Јегуновце**, согласно Одлуката (Решението) за јавна набавка број 05-1563/2 од 16.07.2025 година и по спроведена поедноставна отворена постапка вредност со оглас бр. **12864/2025**.

ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Предмет на овој Договор е набавка на работи, Изградба на улица во н.м. Јегуновце,по пат на поедноставна отворена постапка со оглас бр. **_12864/2025** објавен преку ЕСЈН.
Прифатената понуда и предмер пресметката е составен дел на овој договор.

ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Носителот на набавката, работите наведени во член 2 од овој договор, за **Изградба на улица во н.м. Јегуновце**, ќе ги изведе за вкупна вредност без ДДВ од 1.505.589,60 денари.

Вкупниот износ на ДДВ изнесува **271.006,12** денари.

Вкупната цена на Договорот вклучувајќи ги сите трошоци и попусти со вклучен ДДВ за **Изградба на улица во н.м. Јегуновце**, изнесува **1.776.5956,72** денари.

НАЧИН НА ПЛАКАЊЕ

Член 4

Плаќањето на договорените работи ќе се врши преку потпишани и заверени времени ситуации или преку потпишана и заверена завршна ситуација, градежна книга и градежен дневник, од страна на овластено лице од Носителот на набавката и Надзорниот инженер, доставени до архивата на Договорниот орган по стварно извршена работа, во рок до 30 триесет) дена.

НАЧИН И РОК ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ

Член 5

Носителот на набавката е должен да ги изведе работите кои се предмет на набавка во се согласно техничката спецификација - предмер пресметката и тоа во рок од 30 (триесет) календарски дена сметано од денот на доставен писмен налог за воведување во работа од страна на Договорниот орган.

Рокот на извршување на работите, може да биде продолжен во случај ако:

- извршување на работите биде спречено од настанување на виша сила која не можела да се предвиди во времето на склучување на договорот (природни настани: пожар, поплава, земјотрес, исклучително лошо време невообичаено за годишното време и за местото на кое се извршуваат работите и сл.);

- поради непредвидените работи и вишоците на работи кои би се јавиле во текот на извршување на работите, а се неопходни за целосна реализација на предметот на договорот;
- поради измени на техничката документација кои влијаат во продолжување на рокот на извршување;
- поради привремено оправдано прекинување на извршување на работите, поради постоење на околност за која договорните страни се согласни рокот на извршување на работите да биде продолжен;
- поради неисполнување или ненавремено исполнување на обврските на Договорниот орган (ненавремено отстранување на недостатоците во техничката документација, некомплетираност на техничката документација и друга документација и сл.).

Член 6

Доколку дојде до продолжување на рокот на извршување на работите поради било која од наведените причини во член 5 став 2 договорните страни се должни меѓусебно да се известат на писмено, за продолжувањето и причината која предизвикала продолжување, како и за тоа кога извршувањето на работите ќе продолжи, кои ќе се регулираат со анекс-договор за измена на рокот за извршување.

Носителот на набавката е должен да продолжи со извршување на работите веднаш по престанувањето на причините за продолжувањето наведени во членот 7 став 4 од овој договор.

Настанување, траење и престан на околности поради кои договорениот рок се продолжува со анекс-договор за измена на рок за извршување на работите кон основен договор меѓу двете договорни страни, се запишува во градежниот дневник.

ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 7

Договорниот орган е должен:
- писмено да го извести Носителот на набавката за денот на воведување во работа, и тоа најдоцна 1 (еден) ден пред денот определен за воведување во работа во налогот,
- уредно да ги изврши обврските за плаќање према Носителот на набавката, утврдени во член 3 од овој договор,
- преку надзорниот орган да врши прием на извршените работи од поодделни позиции, со негов потпис во градежниот дневник,

ПРАВА И ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА

Член 8

Носителот на набавката е должен:
- да ги извршува работите по опис, количини и единечни цени согласно предмер пресметката како дел од прифатената понуда, кои се составен дел од овој договор,
- да ги изврши договорените работи стручно, квалитетно и во согласност со определениот рок и на начин утврдени во техничките спецификации со предмер пресметката и според техничките прописи од оваа област и одредбите на овој договор,
- уредно да ги води градежниот дневник и градежната книга, и
- по извршување на работите по писмен пат да го извести Договорниот орган за подготвен технички преглед.

Член 9

Носителот на набавката е должен при изведба на работите кои се предмет на овој договор да ги преземе сите потребни заштитни мерки согласно позитивните законски прописи за обезбедување на објектот, заштита и сигурност на работниците и други лица, заштита на соседните градби, јавните површини, земјиштето и слично.

Член 10

Носителот на набавката е единствено (исклучиво) одговорен за секој вид на штета, за надоместување на трошоците за отстранување на последиците на штетата, како и за надоместот на штета што при извршување на работите ќе настане за вработените на Носителот на набавката, за трети лица, за изградбата, за соседните градби, за јавни површини, за земјиште и слично, а по вина на

Носителот на набавката (постапување спротивно од закон, одобрение за градење или проект-техничка документација, нестручно и неквалитетно извршување на договорените работи, необезбедување и необележување на градилиштето, неспроведување на мерки за заштита и сигурност и слично).

Носителот на набавката одговора и за штета која ќе му се нанесе на Договорниот орган поради недостатоци во изведбата што би се покажале за време од 5(пет) години од предавањето и приемот на работите кои се предмет на овој договор, во согласност со одредбите од Законот за облигационите односи.

Член 11

Носителот на набавката е должен работите што се предмет на овој договор да ги изведува квалитетно. Под квалитетно изведување на работите се подразбира особено:

- изведување на работите согласно позитивните прописи и стандарди во градежништвото,
- материјалите што ќе се вградуваат, како и опремата, да бидат согласно описите во проектната документација, атестирани од овластени институции и да одговараат на пропишаните стандарди, а доколку се вградуваат поквалитетни од специфицираните материјали и опрема, истите да одговараат на бараните стандарди,
- квалитетот на изведба на работите да одговара на описот на позициите содржани во тендерската и проектната документација.

ГАРАНТЕН РОК

Член 12

Носителот на набавката гарантира за квалитетот на извршените градежни работи за период од **5 (пет) години** и тоа сметано од записникот за примо предавање.

Член 13

Доколку во време на гарантниот рок од членот 12 на овој договор, се појават недостатоци кои се однесуваат на квалитетот на извршените работи и вградените материјали и прозиводи, Носителот на набавката е должен на барање на Договорниот орган, истите да ги отстрани, поправи или замени без трошоци за Договорниот орган.

НАДЗОР

Член 14

Лицето определено да врши надзор од страна на Договорниот орган се обврзува:

- да ги извршува работите на надзорот согласно условите и начинот утврдени со Законот за градење,
- да врши проверка над извршувањето на работите во секоја фаза на изградбата,
- да утврди дали сите учесници во извршување на работите ги поседуваат соодветните лиценци и овластувања,
- да врши проверка на квалитетот на вградените материјали и производи во извршувањето на работите,
- да го запознае Договорниот орган за утврдените недостатоци или неправилности констатирани во текот на извршувањето на работите и истите да ги забележи во градежниот дневник,
- состави завршен извештај за извршениот надзор.

Трошоците за извршениот надзор ги сноси Договорниот орган.

ГРАДЕЖЕН ДНЕВНИК И ГРАДЕЖНА КНИГА

Член 15

Носителот на набавката е должен во текот на извршување на работите уредно да ги води градежниот дневник и градежната книга, во која се внесуваат податоците за видот и количините на извршените работи и отстапувања по техничката документација, кои се одредени со важечките стандарди и прописи за градба на Република Северна Македонија и со одредбите на овој договор.

Реалните количини ќе се утврдат во градежниот дневник и градежната книга потврдени и одобрени од надзорниот орган.

Конечната вредност на објектот ќе се утврди согласно реалните количини утврдени во градежната книга.

ПОДИЗВЕДУВАЊЕ И ПОДИЗВЕДУВАЧИ

Член 16

Носителот на набавката е должен, доколку користи подизведувач при извршување на договорот, а согласно наведеното во понудата, да ги:

- наведе сите подизведувачи од делот од договорот кој им е доделен согласно понудата, со контакт податоци за законските застапници на предложените подизведувачи, за кои претходно во постапката е утврдена способноста и директното плаќање доколку е побарано од подизведувачот.

Носителот на набавката може, за време на извршувањето на договорот, од Договорниот орган да побара:

- промена на подизведувачите за оној дел од договорот за јавна набавка кој претходно го отстапил на подизведувачи,
- воведување еден или повеќе нови подизведувачи чиј вкупен удел не смее да надмине 30% од вредноста на договорот за јавна набавка без вклучен ДДВ, без оглед дали претходно отстапил дел од договорот на подизведувачи или не,
- преземање на извршувањето на дел од договорот кој претходно го дал на подизведувач.

Во случај на вклучување нови подизведувачи, Носителот на набавката, заедно со барањето, ги обезбедува податоците и документите од ставот 2 на овој член од договорот.

Договорниот орган не смее да го одобри барањето на Носителот на набавка:

- во случаите од ставот 3 алинеи 1 и 2 на овој член од договорот, доколку Носителот на набавката во постапката за јавна набавка ја користел способноста на подизведувачот кој го менува, а новиот подизведувач не ги исполнува истите услови или постојат причини за исклучување,
- во случаите од ставот 3 алинеја 3 на овој член од договорот, доколку Носителот на набавката во постапката за јавна набавка ја користел способноста на подизведувачот за да ја докаже својата способност, а самиот Носител на набавката не ги исполнува тие услови или ако тој дел од договорот е веќе извршен.

Договорниот орган може да го одбие предлогот за замена на подизведувач, односно вклучување нов подизведувач, доколку тоа може да влијае на непреченото изведување или завршување на работите.

За одбивањето на подизведувачот, Договорниот орган го известува Носителот на набавката во рок од 10 (десет) дена од денот на приемот на барањето.

Директното плаќање на подизведувачот е задолжително за Договорниот орган и за Носителот на набавката доколку подизведувачот побарал директно плаќање согласно со условите од Законот за јавните набавки, при што:

- подизведувачот приложува согласност врз основа на која обврските на Носителот на набавката ќе ги покрие договорниот орган,
- Носителот на набавката, во прилог на неговата фактура или времена ситуација, ги приложува фактурите или времените ситуации на подизведувачот кои претходно ги одобрил.

Доколку не е предвидено директно плаќање на подизведувачите, Договорниот орган бара од Носителот на набавката да му достави писмена изјава од подизведувачот, дека подизведувачот е исплатен за изведените работи, во рок од 30 (триесетт) дена од денот на исплаќање на фактурата од страна на Договорниот орган на Носителот на набавката.

Отстапувањето на работите на трето лице (подизведувач) се врши во согласност со одредбите за подизведување од Законот за јавните набавки.

Отстапувањето на работите на трето лице (подизведувач) нема влијание врз правните односи и меѓусебните права и обврски на Договорниот орган и Носителот на набавката.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 17

Договорот стапува во сила веднаш по неговото потпишување од страна на двете договорни страни.

Носителот на набавката има обврска да го потпише договорот за јавна набавка во рок од 10 дена од денот на добивање на договорот и истиот да му го врати на Договорниот орган.

Член 18

За се што не е предвидено со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за јавните набавки, Закон за градење и позитивните прописи.

Член 29

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, а кои договорените страни не би можеле да ги решаваат спогодбено, ќе ги решава Основниот суд Тетово.

Член 30

Овој договор е составен во 5 (пет) еднообразни примероци, од кои 3 (три) за Договорниот орган и 2 (два) за Носителот на набавката.

ДОГОВОРЕН ОРГАН
ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Градоначалник
Димитар Костадиноски

НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА
ТОП БИЛД ДООЕЛ
Управител
Радоман Дамјановик

Составен дел на овој Договор е:
а) Понудата на Носителот на набавката на работа

Дел I Финансиска понуда

Врз основа на огласот 12864/2025 објавен од страна на Општина Јегуновце, за Реконструкција на улица во н.м. Јегуновце, со спроведување на набавка од Поедноставена отворена постапка и тендерската документација ја поднесуваме следнава:

Финансиска понуда

Шифра	Назив на ставка	Мерна единица	Количина	Единечна цена	Вкупна цена (без ДДВ)	ДДВ	Цена со ДДВ
45233120-6	Геодетско снимање, обележување и осигурување на трасата со поставување на оперативен полигон 260,69+23,97=	Метар	284,66	60,00	17.079,60	3.074,33	20.153,93
45233120-6	Вадење на постојните павер елементи со утовар транспорт и истовар со складирање во депонија одредена од инвеститорот л=4км	Метар Квадратен	815,00	100,00	81.500,00	14.670,00	96.170,00
45233120-6	Машинско сечење на постоечки асфалт со пила до 15см како и рачно премачкување на вертикални и хоризонтални споеви меѓу стар и нов асфалт со разреден битумен РБ - 200	Метар	5,00	300,00	1.500,00	270,00	1.770,00
45233120-6	Подигнување и нивелирање со асфалтната површина на постојни метални капаци со изведба на арм,бетонска горната плоча заедно со потребната арматура. д=12-15см	Парче	10,00	3.000,00	30.000,00	5.400,00	35.400,00
45233120-6	Машинско чистење, утовар и транспорт на наслаги од земја,	Кубен метар	98,00	950,00	93.100,00	16.758,00	109.858,00

Шифра	Назив на ставка	Мерна единица	Количина	Единечна цена	Вкупна цена (без ДДВ)	ДДВ	Цена со ДДВ
	отпаден материјал и др. Во слој од 10 см до депонија 5-10 км (554,60x2,00*0,10)						
45233120-6	Изработка на постелка (подтло) со планирање и валирање до потребна збиеност со модул на стисливост Мс >50Мра испод асфалтот и испод банкините 990+91=	Метар Квадратен	1.081,00	60,00	64.860,00	11.674,80	76.534,80
45233120-6	Набавка и вградување на тампонски материјал д= 5 - 20см од камен дробеник за коловоз со поравнување, валирање и набивање до потребна збиеност Ms = 95Мр, начин на вградување согласно технички услови по табела =141+16 м3	Кубен метар	157,00	1.200,00	188.400,00	33.912,00	222.312,00
45233120-6	Изработка на банкини 2x (10-50см), d=10sm од тампонски материјал согласно проектот со набивање и оформување	Метар Квадратен	180,00	150,00	27.000,00	4.860,00	31.860,00
45233120-6	Прскање со битуменска емулзија 600гр/м2 на тампонски слој со набавка и транспорт.	Метар Квадратен	960,00	60,00	57.600,00	10.368,00	67.968,00

Шифра	Назив на ставка	Мерна единица	Количина	Единечна цена	Вкупна цена (без ДДВ)	ДДВ	Цена со ДДВ
45233120-6	Набавка, транспорт и вградување на асфал БНХС 16 со дебелина од 7 см. 960+45 =	Метар Квадратен	1.005,00	910,00	914.550,00	164.619,00	1.079.169,00
45233120-6	Проект на изведена состојба	Парче	1,00	30.000,00	30.000,00	5.400,00	35.400,00
				Вкупно	1.505.589,60 ден	271.006,13 ден	1.776.595,73 ден

Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: **1.505.589,60** (**еден милион петстотини и пет илјади петстотини осумдесет и девет**) денари.
Вкупниот износ на ДДВ изнесува **271.006,13** денари.

I.1 Го прифаќаме начинот на испорака утврден во тендерската документација.

I.2 Се согласуваме со начинот и рокот на плаќање утврден во тендерската документација.

I.3 Нашата понуда важи за период утврден во тендерската документација.

I.4 Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски, со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*